**_СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП_**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 7<br>19 јули 2010 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVII |

249.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА
НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, Д-Р ЗОРАН АЛЕКСОВ,
ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ ДО ЈУНИ 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јануари до јуни 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-3833/2 | Општина Штип |
| 16 јули 2010 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р. |

250.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и

16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, Д-Р ЗОРАН АЛЕКСОВ, ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ ДО ЈУНИ 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јануари до јуни 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 0701-3833/1 | Совет на Општина Штип |
| 14 јули 2010 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска, с. р. |

251.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК 65 И БЛОК 67, ИНДУСТРИСКА ЗОНА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 65 и блок 67, индустриска зона – Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3834/2 | Општина Штип
16 јули 2010 година | Градоначалник
Штип | д-р Зоран Алексов, с. р.

252.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” број 51/05, 137/07 и 91/09) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК 65 И БЛОК 67, ИНДУСТРИСКА ЗОНА ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за дел од блок 65 и блок 67, индустриска зона - Општина Штип (16,93) според урбанистичка документација изготвена од „Урбан” доо Штип со технички број 114/09.

### Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- Согласност број 16-4977/2 од 25.06.2010 година од Министерство за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3834/1 | Совет на Општина Штип
14 јули 2010 година | Претседател
Штип | Сузана Николовска, с. р.

253.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП НА ГРАД ШТИП СО
ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на ДУП на град Штип со локална урбанистичка планска документација.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3835/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

254.

Врз основа на член 50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” број 51/05, 137/07 и 91/09) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП НА ГРАД ШТИП
СО ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Деталниот урбанистички план на град Штип и населените места во Општина Штип може да се врши измена и дополнување со локална урбанистичка планска документација на следните подносители на иницијатива:

- Градоначалникот на Општина Штип за промена на намената на планираниот објект детска градинка во објект во дом за стари лица во населба „Дузлак”.

Член 2

Подносителот на иницијативата од член 1 на оваа Одлука, може да отпочне со изготвување локална урбанистичка планска документација и истата да ја достави до надлежниот орган на одобрување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3835/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

255.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ
ПРИОРИТЕТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА
ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за определување приоритет за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3836/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

256.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА
И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА
ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Дел од постоечката локална патна мрежа во Оштина Штип ќе се реконструира по следниот приоритет:

- Приоритет 1 – локален пат од 20-ти километар до акумулација Мантово (поврзување на Општина Штип со Општина Конче).
- Приоритет 2 – локален пат за село Шашаварлија.
- Приоритет 3 – локален пат за селата Сарчиево, Врсаково и Судик.
- Приоритет 4 – локален пат за село Пиперово и локален пат за село Лесковица.
- Приоритет 5 – локален пат за село Пухче.

Член 2

Средствата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа во Општина Штип ќе се обезбедуваат преку Агенцијата за државни патишта на РМ од Програмата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа во РМ.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-3836/1 — Совет на Општина Штип

14 јули 2010 година — Претседател

Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

257.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА
НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПАТИШТА

I

Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3837/2 — Општина Штип
16 јули 2010 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

258.

Врз основа на член 62 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” број 84/08 и 52/09), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ
ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА
ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта и тоа:

1. за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општински пат,
2. приклучување на пристапен пат на општински пат,
3. поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици,
4. изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место,
5. за прекумерно користење на општински пат и улици,

6. за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објектите на патот.

Член 2

За поставување натписи и рекламни табли (опрема за рекламирање) во заштитниот појас на општинските патишта во Општина Штип се плаќа надоместок и тоа:

- површина до 1м$^2$ - 1.600,00 денари годишно
- површина од 1,1м$^2$ до 3,75м$^2$ - 6.000,00 денари годишно
- над 3,76 м$^2$ - 10.000,00 денари годишно

Годишните цени се зголемуваат за 10% ако опремата за рекламирање е наменета за издавање на други корисници.

Начинот и постапката за добивање дозвола за поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта ќе се регулира со посебна одлука.

Член 3

Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на општинските патишта или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до општински пат, врз основа на дозвола издадена од општината.

Надоместокот за приклучување на пристапен пат до општински пат изнесува 10.000,00 денари еднократно.

Член 4

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и на патниот појас изнесува и тоа:

1. Поставување на инсталации во трупот на патот - 3.000,00 денари
2. Поставување на инсталации во патниот појас во зависност од должината за која се поставува инсталацијата и тоа:
   - за должина до 1км - 3.000,00 денари
   - за должина од 1км до 10км - 6.000,00 денари
   - за должина над 10км - 9.000,00 денари.

За начинот и постапката за добивање дозвола за поставување на инсталации во трупот на патот и на патниот појас, Општина Штип ќе донесе посебен правилник.

Член 5

Висината на надоместокот за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Прекумерното користење на општинскиот пат или негов дел е времено или трајно користење на патот на повеќе од 50% од сите извршени превози на

патот поради извршување на инвестициони работи или заради вршење на производни или услужни дејности (искористување на камења, руди и слично).

За прекумерно користење на општински пат и улици се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарните возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на комисија формирана од градоначалникот.

Надоместокот изнесува 150,00 денари по возило дневно за секое возило над просекот.

Член 7

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува во зависност од пречекорувањата на дозволените димензии на возилото должина, ширина и висина.

1. Должина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина со посебен пропис и тоа:

- до 20 % се плаќа 2 денари по км
- преку 20 % се плаќа 4 денари по км

2. Ширина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената ширина пропишана со посебен пропис и тоа:

- од 2,61 до 3 метри - 2 денари по км за товарни и приклучни возила со изотермна надградба чија дебелина на зидовите е еднаква или поголема од 45мм
- од 2,56 до 3 метри - 2 денари по км за сите останати возила
- од 3,01 до 4 метри - 4 денари по км
- преку 4 метри - 8 денари по км

3. Висина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената висина пропишана со посебен пропис и тоа:

- од 4,01 до 4,50 метри - 2 денари по км
- преку 4,50 метри - 4 денари по км

За возило кое празно ја пречекорува дозволената должина, ширина или висина пропишана со посебен пропис се издава дозвола на годишно ниво со надомест од 30.000,00 денари, полугодишно 20.000,00 денари, тромесечно 10.000,00 по дозвола.

Член 8

Доколку возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина, ширина и висина на повеќе места се зема во предвид само најголемата димензија за секое пречекорување.

Надоместокот за пречекорување на дозволените димензии се пресметува посебно за секое пречекорување.

Член 9

Во случај ако возилото празно или заедно со товарот пречекорува повеќе димензии вкупниот надоместок претставува збир на надоместок од секоја поединечно пречекорена димензија и должината на релацијата.

Член 10

Доколку возилото или заедно со приклучното возило ја пречекорува вкупната дозволена маса пропишана со посебен пропис, надоместокот се плаќа за секој пречекорен тон:

1. За вкупно дозволена маса до 36 тони:
   - од 36,1 до 40 тона............3 денари по т/км

2. За вкупно дозволена маса до 40 тони:
   - од 40,1 до 60 тона ................ 2 денари по т/км
   - од 60,1 до 80 тона ................ 5 денари по т/км
   - преку 80 тона ..................... 15 денари по т/км

Надоместокот од став 1 од овој член се пресметува така што единечниот износ на надоместокот се множи по должината на релацијата и по бројот на тоните кои ја пречекоруваат вкупната дозволена маса.

Член 11

Висината на надоместокот кој се плаќа за пречекорувања на дозволеното осно оптоварување, во зависност од пречекорувањето изразено во тони изнесува:

| | |
|---|---:|
| 1 тон | 5 денари т/км |
| 2 тона | 10 денари т/км |
| 3 тони | 15 денари т/км |
| 4 тони | 20 денари т/км |
| 5 тони | 30 денари т/км |
| 6 тони | 50 денари т/км |
| 7 тони | 80 денари т/км |
| 8 тони | 100 денари т/км |
| 9 тони | 130 денари т/км |
| 10 и над 10 тони | 200 денари т/км |

Висината на надоместокот се одредува согласно одредената маршута на движење на возилото како збир на надоместоци пресметани врз основа на дозволеното осно оптеретување на патот.

Член 12

Надоместокот за штета сторена на патот ја утврдува комисијата формирана од градоначалникот на основа извршен увид и проценка на сторената штета.

Член 13

Надоместокот од член 1 на оваа Одлука, ќе се користи за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

Член 14

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3837/1
14 јули 2010 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

259.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ
НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ
НА РЕШЕНИЈАТА ЗА ИЗМЕНЕТ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ

I

Се објавува Заклучок за изготвување на Информацијата за почитување и спроведување на решенијата за изменет режим на сообраќај.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3837/4
16 јули 2010 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов

260.

Врз основа на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта број 0701-3837/1 („Службен гласник на Општина Штип“ број 7/10) и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ И
СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕШЕНИЈАТА ЗА ИЗМЕНЕТ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ

I

Одделението за комунални дејности и Одделението за урбанистичи, градежен надзор и надзор над сообраќај и патишта, да изготват Информација за почитување и спроведување на решенијата за изменет режим на сообраќај.

Информацијата Советот да ја разгледа во месец октомври.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 0701-3837/3 | Совет на Општина Штип |
| 14 јули 2010 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска, с. р. |

261.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА
РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3838/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

262.

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ” број 62/04 и 89/08) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти („Службен гласник на Општина Штип” број 07/05 и 01/06) по член 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

„На угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, во текот на целата година во деновите петок и сабота им се продолжува работното време за **еден час**.

За продолжување на работното време од став 1 на овој член се плаќа надоместок од **600,00 денари** за секој ден на продолжено работење.

Продолжувањето на работното време од став 1 на овој член важи само за угостителските објекти кои не се во колективна станбена зграда.”

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да изготви пречистен текст на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701- 3838/1
14 јули 2010 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

263.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ
И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА
РЕКЛАМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3839/2
16 јули 2010 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

264.

Во врска со член 41 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” број 84/08 и 52/09), а врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ
ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА
ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип и висината на надоместокот која треба да го платат правните и физичките лица кои имаат поставено или ќе постават опрема за рекламирање.

Член 2

Под опрема за рекламирање се подразбира објекти за рекламирање на територијата на Општина Штип (билборди, сити-лајт, рекламни патокази и слично).

Опремата за рекламирање може да се поставува на:

1. јавни и сообраќајни површини
2. на столбовите за јавно осветлување
3. на други површини со кои управува Општина Штип (оградни ѕидови на објекти, потпорни ѕидови и слично).

Член 3

Правните и физичките лица кои сакаат да постават опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип, поднесуваат барање до Одделението за комунални дејности на Општина Штип со кое приложуваат:

1. обележани локации каде предлагаат поставување на опрема за рекламирање (4 ситуации)
2. опис на изгледот на опремата за рекламирање со нејзини основни податоци (димензија, материјал, боја и слично)
3. графички приказ на опремата за рекламирање (2 примерока) и детален приказ на темелењето на опремата за рекламирање
4. доказ за платена административна такса
5. изјава потпишана и заверена од барателот, дали опремата за рекламирање ќе ја употребува за сопствени потреби или истата ќе ја издава за рекламирање на други субјекти.

Член 4

Градоначалникот на Општина Штип донесува решение со кое ги определува местата (микролокациите) на кои барателот може да ја постави опремата за рекламирање по претходна согласност на Министерството за внатрешни работи, Сектор за сообраќај Штип.

Врз основа на добиеното решение за поставување опрема за рекламирање, барателот со општината склучува договор во кој поблиску се уредуваат правата и обврските на двете договорни страни.

Член 5

За поставување на опрема за рекламирање се плаќа надоместок.

Доколку опремата за рекламирање се поставува на јавни и сообраќајни површини се плаќа надометок согласно Законот за јавните патишта за што Општина Штип ќе донесе посебна одлука.

Доколку опремата за рекламирање се поставува на столбовите за јавно осветлување надоместокот е во висина на годишна комунална такса согласно Одлуката за комунални такси на Општина Штип.

Доколку опремата за рекламирање која се поставува на столбовите за јавно осветлување има потреба од осветлување (светлечки панели), за потрошената електрична енергија се наплатува надоместок за секој час светење по цена на чинење на kW/h јавно осветлување.

Доколку опремата за рекламирање се поставува на други површини, а кои се поголеми од 100м$^2$ надоместокот изнесува 7 евра/м$^2$ годишно во денарска противвредност по курсот на НБРМ.

Член 6

Правните и физичките лица се должни надоместокот да го платат во периодот од 15 до 30 јануари во секоја календарска година, освен за првата година кога уплатата ќе се изврши со донесувањето на решението.

Член 7

Доколку правните и физичките лица не го платат надоместокот согласно член 4 и 5 од оваа Одлука, Општина Штип има право да го наплати долгот по присилен пат.

Член 8

Одредбите од член 5 на ова Одлука нема да важат за сите правни и физички лица кои со општината имаат склучено договор за поставување опрема за рекламирање, се до истекот на времето за кое е склучен договорот.

Член 9

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 08/08 и 10/09.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701- 3839/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

265.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО
ВО ОТВОРЕНИ ЗАБАВНИ ФУДБАЛСКИ ШКОЛИ 2010

I

Се објавува Одлуката за прифаќање на покана за учество во Отворени забавни фудбалски школи 2010.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3840/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

266.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО
ВО ОТВОРЕНИ ЗАБАВНИ ФУДБАЛСКИ ШКОЛИ 2010

Член 1

Се прифаќа поканата за учество во Отворени забавни фудбалски школи 2010 година.

За учество во Програмата на Отворени забавни фудбалски школи Општина Штип ќе партиципира со 99.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2010 година.

Член 3

По завршувањето на Програмата на Отворени забавни фудбалски школи 2010 година, Комисијата за спорт, односно лицата што ќе учествувааат во истата, до Советот на Општина Штип да поднесат извештај за имплементација на Програмата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3840/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

267.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ
ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВА
НАСТРАДАНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА ПОЖАР

I

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства настрадани во елементарна непогода пожар.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3841/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

268.

Врз основа на член 7 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип” број 11/09), член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ
НА СЕМЕЈСТВА НАСТРАДАНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА ПОЖАР

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на семејства настрадани во елементарна непогода – пожар на:

1. Трајан Илиев – 20.000,00 денари.
2. Панче Арсов – 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2010 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3841/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

269.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ПО БАРАЊАТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

I

Се објавува Заклучокот по барањата од елементарни непогоди.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3842/2 Општина Штип
16 јули 2010 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

270.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ПО БАРАЊАТА ОД ЕЛЕМЕНТНИ НЕПОГОДИ

I

Во иднина, при разгледување на Барањата од елементарни непогоди да се земе во предвид проценката на настаната штета од општинската комисија за проценка на штети.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3842/1 Совет на Општина Штип
14 јули 2010 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска, с. р.

271.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА
НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3843/2 | Општина Штип
16 јули 2010 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

272.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ” број 61/04 и 92/07) и член 21 точка 31 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА
НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ОПШТИНА ШТИП

1. Во Решението за именување претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 16/09) во точка 1 се врши следното дополнување:

За членови на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип **се именуваат**:

- **„Билјана Финдаковска**
- **Мане Ризов**
- **Соња Иванова**
- **Зоран Павловски**
- **Сања Ташкова**
- **Сања Мијалкова**
- **Сунчица Ѓуфтеска**
- **Лазар Соколовски“**.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3843/1
14 јули 2010 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

273.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
## НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
## ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАЈ 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Штип во периодот од 1 јануари до 30 мај 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3844/2
16 јули 2010 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

274.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАЈ 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Штип во периодот од 1 јануари до 30 мај 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавува-њето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3844/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

275.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ-ЕЛАБОРАТ ЗА
ПРОЦЕНЕТА ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА НЕВРЕМЕ
ДОЖД И ГРАД ШТО ЈА ЗАФАТИ ОПШТИНА ШТИП
НА 18 ЈУНИ 2010 И 19 ЈУНИ 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот-Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода невреме дожд и град што ја зафати Општина Штип на 18 јуни 2010 и 19 јуни 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3845/2 Општина Штип
16 јули 2010 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

276.

Врз основа на член 49 став 1 и член 24 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ-ЕЛАБОРАТ ЗА
ПРОЦЕНЕТА ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА НЕВРЕМЕ
ДОЖД И ГРАД ШТО ЈА ЗАФАТИ ОПШТИНА ШТИП
НА 18 ЈУНИ 2010 И 19 ЈУНИ 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот-Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода невреме дожд и град што ја зафати Општина Штип на 18 јуни 2010 и 19 јуни 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3845/1 Совет на Општина Штип
14 јули 2010 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска, с. р.

277.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД БК „БАЛКАНЕЦ 2008“
ЗА ТУРНИРОТ „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од БК „Балканец 2008“ за турнирот „Македонски бисер“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3846/2 | Општина Штип
16 јули 2010 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

278.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД БК „БАЛКАНЕЦ 2008“
ЗА ТУРНИРОТ „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“

I

Се усвојува Извештајот од БК „Балканец 2008“ за турнирот „Македонски бисер“ со следниот **заклучок**:

- Се овластува претседателот на Комисијата за спорт Димитар Џонов да ги потпише фактурите.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3846/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

279.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ
ОД ПРВИ ДО ПЕТТИ МЕСЕЦ ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за работењето на комуналната инспекција за периодот од први до петти месец за 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3847/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

280.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ
ОД ПРВИ ДО ПЕТТИ МЕСЕЦ ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за работењето на комуналната инспекција за периодот од први до петти месец за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3847/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

281.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО
НА БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето за одобрување изградба на пешачка патека во разделно зеленило на булевар „Гоце Делчев“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3848/2
16 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

282.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 јули 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО
НА БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

I

Се прифаќа Барањето за одобрување изградба на пешачка патека во разделно зеленило на булевар „Гоце Делчев“ со следните **заклучоци**:

- се задолжува ЈП „Штип-проект“-Штип да направи пешачка патека во разделно зеленило и да се обележи пешачкиот премин на булевар „Гоце Делчев“ пред СОУ „Коле Нехтенин“-Штип;
- се одобрува финансиски средства во износ од 45.985,00 денари, согласно пресметката од ЈП „Штип-проект“-Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-3848/1
14 јули 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

283.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02, член 101 и 102 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ” број 52/02 и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на 14 јули 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ“ – ШТИП

1. За директор на Средното општинско училиште „Димитар Мирасчиев“ – Штип се избира **Анита Монев**, досегашен вршител на должноста директор.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 101 и 102 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ” број 52/02) градоначалникот на општината во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот со број 03-304 од 13 јули 2010 година од Училишниот одбор на Средното општинско училиште „Димитар Мирасчиев“ – Штип избра директор.

Имајќи го во предвид напред наведеното градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство**:

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на Решението на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор на директор до Второстепената комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Број 08-2958/3
14 јули 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

---

С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 249. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јануари до јуни 2010 година | 265/7 |
| 250. | Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, во согласност со Статутот на Општина Штип за периодот од јануари до јуни 2010 година | 265/7 |
| 251. | Решение за објавување на Одлука за Детален урбанистички план за дел од Блок 65 и Блок 67, индустриска зона Општина Штип | 266/7 |
| 252. | Одлука за Детален урбанистички план за дел од Блок 65 и Блок 67, индустриска зона Општина Штип | 267/7 |

| | | |
|---|---|---|
| 253. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на ДУП на град Штип со локална урбанистичка планска документација | 268/7 |
| 254. | Одлука за измена и дополнување на ДУП на град Штип со локална урбанистичка планска документација | 268/7 |
| 255. | Решение за објавување на Одлука за определување приоритет за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Штип | 269/7 |
| 256. | Одлука за определување приоритет за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Штип | 270/7 |
| 257. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта | 270/7 |
| 258. | Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта | 271/7 |
| 259. | Решение за објавување на Заклучок за изготвување на Информација за почитување и спроведување на решенијата за изменет режим на сообраќај | 275/7 |
| 260. | Заклучок за изготвување на Информација за почитување и спроведување на решенијата за изменет режим на сообраќај | 276/7 |
| 261. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти | 276/7 |
| 262. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти | 277/7 |
| 263. | Решение за објавување на Одлука за начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип | 278/7 |
| 264. | Одлука за начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип | 278/7 |
| 265. | Решение за објавување на Одлука за прифаќање на поканата за учество во Отворени забавни фудбалски школи 2010 година | 281/7 |
| 266. | Одлука за прифаќање на поканата за учество во Отворени забавни фудбалски школи 2010 година | 281/7 |
| 267. | Решение за објавување на Одлука за доделување еднократна парична помош на семејства настрадани од елементарна непогода пожар | 282/7 |
| 268. | Одлука за доделување еднократна парична помош на семејства настрадани од елементарна непогода пожар | 283/7 |
| 269. | Решение за објавување на Заклучок по барањата од елементарни непогоди | 283/7 |

| | | |
|---|---|---|
| 270. | Заклучок по барањата од елементарни непогоди | 284/7 |
| 271. | Решение за објавување на Решение за дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип | 284/7 |
| 272. | Решение за дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип | 285/7 |
| 273. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Штип во периодот од 1 јануари до 30 мај 2010 година | 286/7 |
| 274. | Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Штип во периодот од 1 јануари до 30 мај 2010 година | 287/7 |
| 275. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода невреме дожд и град што ја зафати Општина Штип на 18 јуни 2010 и 19 јуни 2010 година | 287/7 |
| 276. | Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода невреме дожд и град што ја зафати Општина Штип на 18 јуни 2010 и 19 јуни 2010 година | 288/7 |
| 277. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај од БК „Балканец 2008“ за турнирот „Македонски бисер“ | 288/7 |
| 278. | Заклучок за усвојување на Извештај од БК „Балканец 2008“ за турнирот „Македонски бисер“ | 289/7 |
| 279. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за работењето на комуналната инспекција за периодот од први до петти месец за 2010 година | 290/7 |
| 280. | Заклучок за усвојување на Информација за работењето на комуналната инспекција за периодот од први до петти месец за 2010 година | 290/7 |
| 281. | Решение за објавување на Заклучок за прифаќање на Барање за одобрување изградба на пешачка патека во разделно зеленило на булевар „Гоце Делчев“ | 291/7 |
| 282. | Заклучок за прифаќање на Барање за одобрување изградба на пешачка патека во разделно зеленило на булевар „Гоце Делчев“ | 292/7 |
| 283. | Решение за избор на директор на Средното општинско училиште „Димитар Мирасчиев“ – Штип | 292/7 |